**<u>ПОМАЛКУ ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ, ПОВЕЌЕ ОБВИНЕНИЈА</u>** - СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ПОСТАПКИ ЗА КРИВИЧНО ДЕЛО „ЗЛОУПОТРЕБА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ“ ВО 2022 И 2023 ГОДИНА

Бројот на поднесени кривични пријави против познати сторители за кривично дело – Злоупотреба на лични податоци од член 149 од Кривичниот законик во 2023 година се задржал на приближно исто ниво како и во 2022 година, со благ тренд на опаѓање. Околу 50% од вкупниот број поднесени пријави за ова кривично дело во 2023 година резултирале со поднесени обвиненија или предлози за издавање казнен налог, а за еден дел од предметите продолжува прибирање на докази. Ова претставува зголемување во однос на 2022 година, кога процентот на предмети кои биле решени со поднесување на обвинение за злоупотреба на лични податоци се движел околу 35% од вкупно поднесените пријави за ова дело.

***<u>Статистички преглед:</u>***

- Во текот на 2022 година, во основните јавни обвинителства низ државата биле примени 88 кривични пријави за кривично дело – Злоупотреба на лични податоци од член 149 од Кривичниот законик, од кои 31 се решени со поднесено обвинение или предлог за издавање казнен налог.
- Во текот на 2023 година, во основните јавни обвинителства низ државата биле примени 86 кривични пријави за кривично дело – Злоупотреба на лични податоци од член 149 од Кривичниот законик, од кои 39 се решени со поднесено обвинение или предлог за издавање казнен налог.
- По еден дел од поднесените кривични пријави постапката е во тек.
-



Прегледот по обвинителства е следниот:

| | 2022 ГОДИНА | | 2023 ГОДИНА | |
|---|---|---|---|---|
| | ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ | ПОДНЕСЕНИ ОБВИНЕНИЈА/ ПРЕДЛОЗИ ЗА КАЗНЕН НАЛОГ | ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ | ПОДНЕСЕНИ ОБВИНЕНИЈА/ ПРЕДЛОЗИ ЗА КАЗНЕН НАЛОГ |
| ОЈО ОХРИД | 15 | 3 | 7 | 1 |
| ОЈО ТЕТОВО | 18 | 10 | 19 | 15 |
| ОЈО КАВАДАРЦИ | 2 | / | 5 | 4 |
| ОЈО СКОПЈЕ | 14 | 3 | 22 | 3 |
| ОЈО БИТОЛА | 5 | 1 | 5 | / |
| ОЈО КИЧЕВО | 7 | 2 | 7 | 3 |
| ОЈО К. ПАЛАНКА | / | / | / | / |
| ОЈО ПРИЛЕП | 3 | 1 | 2 | / |
| ОЈО ШТИП | 7 | 2 | 2 | 1 |
| ОЈО ГЕВГЕЛИЈА | 3 | 3 | 3 | 3 |
| ОЈО ДЕБАР | / | / | / | / |
| ОЈО РЕСЕН | / | / | 1 | / |
| ОЈО ГОСТИВАР | 10 | 5 | 5 | 4 |
| ОЈО РАДОВИШ | / | / | 4 | 4 |
| ОЈО ВЕЛЕС | 3 | 1 | 4 | 1 |
| ОЈО БЕРОВО | 1 | / | / | / |
| ВКУПНО | 88 | 31 | 86 | 39 |

Забелешка: Во прегледот не се опфатени пријави или известувања за истото кривично дело поднесени против непознати сторители

***<u>Член 149 од Кривичниот законик:</u>***

Ова кривично дело го врши тој што спротивно на условите утврдени со закон без согласност на граѓанинот прибира, обработува или користи негови лични податоци. За ова кривично дело предвидена е парична казна или казна затвор до една година. Со истата казна се казнува и тој што ќе навлезе во компјутерски информатички систем на лични податоци со намера користејќи ги за себе или за друг да оствари некаква корист или на друг да му нанесе некаква штета. Доколку ова кривично дело го врши службено лице на вршење на службата, тогаш станува збор за квалификуван облик на кривичното дело и се казнува со казна затвор

од три месеци до три години. Обидот исто така е казнив. Доколку делото го стори правно лице, истото ќе се казни со парична казна.